Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Марко Бислимоски, претседател на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Марјан Забрчанец, национален координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи и Нола Исмајлоска-Старова, национален координатор за регионална соработка и европски интеграции.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 118-та, 119-та и 120-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 10, 17 и 18 јануари 2023 година

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

1. Предлог-одлуки за давање на согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 23 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност

2. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.56217, КП 109, КО Кисела Вода 1), со Предлог-одлука

3. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.6043, КП 7351/14, КП 7351/21, КП 7351/18, КП 7351/19, КО Струмица), со Предлог-одлука

4. Информација за степенот на реализација на активности во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година

5. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од 30.9.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/22 од 30.9.2022 година), со дополнување и Предлог-одлука

6. Информација со препорака за организација на екскурзии, излети и други аранжмани во домашни услови

7. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи за 2022 и 2023 година на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

8. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје

9. Информација за измени на Договорот за издавање на гаранции од Гарантниот фонд организиран од Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, со Анекс кон Договорот

10. Информација во врска со обезбедување на 50 милиони евра средства во вид на кредитна линија од Банката за развој на Советот на Европа (ЦЕБ) за финансирање на ММСП, со дополнување

11. Информација за доцнењето и за состојбата со наплатата кај кредитните линии Ковид 1, Ковид 2 и Ковид 3, со Предлог-одлука

12. Информација со препорака за организирање на обуки, семинари и друг вид на организации на државните институции во Република Северна Македонија

13. Информација за субвенционирање на домашни туроператори за аранжмани во домашните хотелски капацитети

14. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со ДПТУ Кромберг и Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште, со предлог-одлуки

15. Информација за оправданоста на Барањето за вработување во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје
16. Извештај од одржана работна средба на Работната група формирана согласно задолжението од 115-та седница на Владата на Република Северна Македонија од 27.12.2022 година, одржана на 17.1.2023 година

17. Предлог на закон за инсолвентност (*)

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка

19. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ-Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова-КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка

20. Информација за Програмата на економски реформи 2023-2025 година, со текст на Програма

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kV далновод ТС Штип-ТС Овче Поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино-вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

22. Информацијата за ревидирање на синтетизираниот извештај за реорганизација во делот на министерскиот систем на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

23. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

24. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија

25. Информација за апликација на Министерство за финансии до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) со цел обезбедување на инвестициски грант за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор

26. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

27. Информација за локацијата на идната пречистителна станица за отпадни води во Општина Велес

28. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Кожарево“, Општина Сопиште, со предлог-одлуки

29. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен и глина на локалитетот „Падарница“, с.Катланово, Општина Петровец

30. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Гранд М, Скопје, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Некст дор парк, Скопје, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Оргон лукс, Скопје, со Предлог-решение

33. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-црн мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало Рудпроинг ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод на локалитетот ,,Долги Рид“, Општина Македонски Брод

34. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за градежништво и трговија Градба промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Јаребички Камен“, Општина Кавадарци

35. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Кучков Рид“, с.Ботун, Општина Дебарца

36. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот „Сирма Галица“, Мариово, Општина Прилеп

37. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за вода и здравје на Конвенцијата од 1992 година за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународни езера

38. Информација за текот на активностите поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со Предлог-план за активности

39. Предлог-одлука за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Канада, со седиште во Торонто

40. Информација во врска со изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност, со Предлог-решение

41. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Греенго 2018 ДОО увоз-извоз с.Драслајца-Струга, со Предлог-одлука

42. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Греен&био фарм ДОО увоз-извоз с.Драслајца-Струга, со Предлог-одлука

43. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември"-Скопје за спроведување специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита на секундарно ниво од областа на онкологијата и радиотерапијата

44. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба

45. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија

46. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар

47. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Дебар

48. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дојран

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебрца

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Градско

54. Предлог на закон за младински додаток, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

55. Годишна програма за работа и развој за 2023 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, со Предлог-одлука

56. Иницијативи од Марко Колев, градоначалник на Општина Велес, Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш и од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/22, У.бр.111/22 и У.бр.112/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, бр.41-9773/3 од 30.10.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 232/22)

57. Понуда од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36600, КО Прилеп, на КП бр.8551 и Имотен лист бр.36382, КО Прилеп, на КП бр.8550, викано место/улица „Мерите"

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

60. Информација за учество на претставници од Република Северна Македонија на отворена работна група за безбедност и употребата на информациски и комуникациски технологии 2021-2025 година, во Њујорк, 25-29 јули 2022 година

61. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Министерството за труд и социјална политика (за период од јануари-јуни 2022)

62. Информација за работата на Национално координативно тело за следење на имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 (за периодот јануари-јуни 2022)

63. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал-пресуди од даночни и царински спорови" со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот

64. Информација за наплатата на ненаплатени побарувања кон ЈКП корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица

65. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули-септември 2022 година

66. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1.7.2022 година до 30.9.2022 година

67. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, за период од 1 јули до 30 септември 2022 година

68. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје за периодот 1 јули-30 септември 2022 година

69. Информација за предлог реализација на Гугл (Google) и Ју тјуб (YouTube) кампања

70. Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит во 2022 година

71. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.104 Габровска Река и бр.349 Блатечка Река

72. Информација за потребата од изменување и дополнување на Законот за градење во делот на утврдувањето на исполнетоста на условите за механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите

73. Информација во врска со потпишувањето на Меморандум за разбирање помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Претседателството на Управа за развој и поддршка на мали и средни претпријатија на Република Турција, со текст на Меморандум

74. Предлог на закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата

75. Информација за оправданоста на Барање за вработување арх.бр.0203-20/146 од 19.12.2022 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје

76. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Националната установа Центар за култура „Иљо Антески Смок“-Тетово и Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија-Скопје

77. Предлог на Закон за данок за солидарност, по скратена постапка

78. Информација со задачи кои произлегуваат од работните состаноци на 12, 16, 18 и 25 јануари 2023 година на ниво на експертски групи од одговорните институции, со цел олеснување и забрзување на протокот на патници, возила и стоки на граничните премини Табановце-Прешево, како дел од иницијативата Отворен Балкан

79. Информација за оправданоста на барањата за вработување во Јавното претпријатие „Национални шуми“ П.О. Скопје

80. Предлог-одлука за основање на Национална установа „Музички ансамбл во Република Северна Македонија“-Тетово

81. Предлог-одлука за основање на Национална установа „Камерен оркестар на Битола“-Битола

82. Информација за донесената Одлука со архивски бр.0201-130/1 од 23.1.2023 година, од страна на Управниот одбор на  Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје

83. Предлог на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина

84. Предлог на закон за изменување на Законот за буџети

85. Информација за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), со Извештај и Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023-2030)

86. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје за набавка на комбинирана терапија со лекот „кафтрио“ (Kaftrio) и лекот „калидеко“ (Kalydeco) за пациентите со цистична фиброза

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 118-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јануари 2023 година, Записникот од 119-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2023 година и Записникот од 120-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јануари 2023 година.

*

*          *

Пред преминување на Дневен ред

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по Заклучокот од Сто дваесет и првата седница на Владата, одржана на 24 јануари 2023 година, донесен по Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 4-Слободно движење на капитал од Кластер 2-Внатрешен пазар, односно најдоцна до 5 февруари 2023 година да достави предлог-одговор до Секретаријатот за европски прашања, по однос на тоа дали либерализацијата за купување на земјоделско земјиште од страна на нерезиденти ќе биде со влезот на Република Северна Македонија во Европската Унија или ќе се бара транзиционен период со соодветна аргументација за целосна либерализација по влезот на Република Северна Македонија во Европската Унија.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „БМВ").

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „БМВ").

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „голф").

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „мазда").

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавната здравствена установа-Психијатриска болница Негорци-Гевгелија (ПМВ „ауди").

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „пасат").

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „ фолксваген пасат").
8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија (ПМВ „фолксваген шаран").

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта-Скопје, ц.о. (Полуприколка „педрети").

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта-Скопје, ц.о. (ТМВ „форд транзит")

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Министерството за внатрешни работи ( ПМВ „тојота камри")

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Дебар (ПМВ „ фолксваген пасат").

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „сеат ибица")

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Кичево (ПМВ „форд фокус").

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „БМВ").

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „форд фокус“).

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Демир Капија (ПМВ „голф“).

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје (ПМВ „ауди 6“).

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Општа болница-Струмица (ПМВ „сеат ибица“).

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Боговиње (ПМВ „ сузуки витара“).

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Маврово и Ростуше (ПМВ „поло“).

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Демир Хисар (ПМВ „фолксваген шаран“).

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кавадарци (ТМВ „фолксваген транспортер“).

24. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за здравство ( ТМВ „фолксваген транспортер“).

25. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „ фолксваген пасат“).

26. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје (ПМВ „пежо 307“).

27. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Охрид (ПМВ „мерцедес“).

28. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „БМВ“).

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.56217, КП 109, КО Кисела Вода 1), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.6043, КП 7351/14, КП 7351/21, КП 7351/18, КП 7351/19, КО Струмица), со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на активности во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризиците од катастрофи на Република Северна Македонија да продолжи да го мониторира исполнувањето на обврските од Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година и за тоа да ја информира Владата на крајот од 2023 година.

2. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи, Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о.-Скопје, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство, а се препорачува на територијалните противпожарни единици на Град Скопје, во рамките на своите буџетски можности, да ја разгледаат можноста за реализација на активностите за 2022 година, содржани во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година, каде се означени како водечки институции и за тоа да ја информираат Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март 2023 година.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за хидрометеоролошки работи, а се препорачува на Генералниот штаб на Армијата на Република Северна Македонија, Град Скопје, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, територијално-противпожарните единици на Град Скопје, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“, п.о.-Скопје, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“-Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, во делокругот на нивните овластувања и надлежности, а врз основа на предложените активности и предвидениот буџет да ги реализираат истите во утврдениот рок наведен во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година и за тоа да го информираат националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи до 31 октомври 2023 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од 30.9.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/22 од 30.9.2022 година), со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со топлинска енергија, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата со препорака за организација на екскурзии, излети и други аранжмани во домашни услови и притоа заклучи:

- Сите екскурзии, излети и другите вон училишни активности на учениците од основните и средните државни училишта во Република Северна Македонија, кои се на товар на училиштата, да се организираат во Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи за 2022 и 2023 година на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за измени на Договорот за издавање на гаранции од Гарантниот фонд организиран од Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, со Анекс кон Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Анексот на Договорот за издавање на гаранции од Гарантниот фонд организиран од Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

2. Го овласти министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да склучи Анекс на Договорот за издавање на гаранции од Гарантниот фонд организиран од Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со обезбедување на 50 милиони евра средства во вид на кредитна линија од Банката за развој на Советот на Европа (ЦЕБ) за финансирање на ММСП, со дополнувањето, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Развојната банка на Северна Македонија да достави барање до Банката за развој на Советот на Европа (ЦЕБ) за обезбедување на заем со државна гаранција во износ од 50 милиони евра за финансирање на ММСП.

2.Се укажува на Развојна банка на Северна Македонија да ја започне постапката за добивање на согласност од Министерство за финансии за задолжување обезбедена со државна гаранција.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за доцнењето и за состојбата со наплатата кај кредитните линии Ковид 1, Ковид 2 и Ковид 3, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од компензационите фондови од странска помош.

2. Се задолжува Министерството за финансии да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на Фондот за микро и мали претпријатија (Ковид 3 кредитна линија) со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

**Точка 12**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата со препорака за организирање на обуки, семинари и друг вид на организации на државните институции во Република Северна Македонија и притоа заклучи:

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, кои имаат фискални импликации во своите буџети за 2023 година за оваа намена, обуките, семинарите и друг вид на организации да ги организираат во Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за субвенционирање на домашни туроператори за аранжмани во домашните хотелски капацитети, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија, во соработка со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во рок од 60 дена да ја разгледа можноста за изменување на соодветната законската регулатива со цел обезбедување на субвенционирање на домашни туроператори за аранжмани во домашните хотелски капацитети.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со ДПТУ Кромберг и

Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на Барањето за вработување во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и го задолжи Министерството за финансии да одговори позитивно по доставеното Барање за обезбедени финансиски средства за пополнување на 157 (сто педесет и седум) работни места на определено време во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Извештајот од одржана работна средба на Работната група формирана согласно задолжението од 115-та седница на Владата на Република Северна Македонија од 27.12.2022 година, одржана на 17.1.2023 година, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за инсолвентност (*) го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ-Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за

обнова-КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријат за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ-Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова-КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2023-2025 година, со текст на Програма и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Програмата на економски реформи 2023-2025 година.

2. Се задолжува министерот за финансии да ја достави Програмата на економски реформи 2023-2025 година до Европската комисија до 1 февруари 2023 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kV далновод ТС Штип-ТС Овче Поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино-вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kV далекувод ТС Штип-ТС Овче Поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино-вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидирање на синтетизираниот извештај за реорганизација во делот на министерскиот систем на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, при имплементација на реорганизацијата на министерскиот систем, да постапува согласно наводите во оваа информација и извештајот и наводите на Светска банка за време на техничката имплементација на реформата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најмалку еднаш годишно да ја информира Владата за напредокот на процесот на реорганизација

**Точка 23**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*).

**Точка 24**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на Министерство за финансии до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) со цел обезбедување на инвестициски грант за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рок од три дена да подготви и достави ВБИФ апликација за обезбедување на инвестициски грант во износ од 2,5 милиони евра за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор до Министерството за економија и Министерството за здравство.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од пет дена по изработката на ВБИФ апликацијата за инвестициски грант за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор да подготви Писмо за поддршка до Европска комисија и Светска банка и истото да го проследи до Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија и Министерството за здравство.

3. Се задолжува Министерството за економија и Министерството за здравство во рок од пет дена по добивање на ВБИФ апликацијата за инвестициски грант за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор да подготват и достават мислења до Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во рок од два дена по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии и мислењата од Министерството за економија и Министерството за здравство да ја поднесе ВБИФ апликацијата за инвестициски грант за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои

Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за локацијата на идната пречистителна станица за отпадни води во Општина Велес и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да ја извести Делегацијата на Европската Унија (ДЕУ) за изборот на локација на идната пречистителна станица за отпадни води во Општина Велес.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за донесената судска одлука веднаш по донесување на конечната правосилна судска одлука од тековниот спор со концесионерот Рисо компани за КП бр. 15457/3.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги обезбеди потребните финансиски средства во рамки на сопствениот буџет.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Кожарево“, Општина Сопиште, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Сопиште.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен и глина на локалитетот „Падарница“, с.Катланово, Општина Петровец и не даде согласносот на поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Падарница“, с.Катланово, Општина Петровец, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Петровец.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Гранд М, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Некст дор парк, Скопје, со Предлог-

решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Оргон лукс Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-црн мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало Рудпроинг ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод на локалитетот ,,Долги Рид“, Општина Македонски Брод.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за градежништво и трговија Градба промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Јаребички Камен“, Општина Кавадарци.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Кучков Рид“, с.Ботун, Општина Дебарца.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот „Сирма Галица“, Мариово, Општина Прилеп.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за вода и здравје на Конвенцијата од 1992 година за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународни езера, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со Предлог-план за активности и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Планот за активности во рамките на Стратешкиот дијалог помеѓу Република Северна Македонија и САД со период на реализација од 2023-2033 година, со заклучок истиот да се измени и дополни во насока:

1.1 Во делот II.ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ, II.А. Сајбер безбедност, Точка 1. Основање на Регионален центар за извонредност за справување со хибридни закани/сајбер безбедност во Република Северна Македонија, да се избришат зборовите: „Координатор за формирање-Министерство за надворешни работи“,

1.2 Планот за активности во рамките на Стратешкиот дијалог помеѓу Република Северна Македонија и САД со период на реализација од 2023 до 2033 година, да се дополни со надлежните министерства и кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за проектите кои се во нивна надлежност.

2. Се задолжуваат органите на државната управа наведени во Планот на активности во рамките на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и САД со период на реализација од 2023 до 2033 година, во рок од седум дена, да го информираат Министерството за надворешни работи за лицето кое ќе ја следи реализацијата на активностите од нивна надлежност и квартално до Министерството за надворешни работи да доставуваат информации за нивниот статус и динамика на реализација.

3. Се укажува на Агенцијата за разузнавање, Државната комисија за спречување на корупција, Фондот за инвестиции и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да го информираат Министерството за надворешни работи за лицето кое ќе ја следи реализацијата на активностите од нивна надлежност и квартално до Министерството за надворешни работи да доставуваат информации за нивниот статус и динамика на реализација.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го следи текот на реализацијата на проектите наведени во Планот за активности во рамките на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и САД со период на реализација од 2023 до 2033 година, и за истите, на секои шест месеци, до Владата да доставува извештај.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Канада, со седиште во Торонто.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Греенго 2018 ДОО увоз-извоз с.Драслајца-Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги Греенго 2018 ДОО увоз-извоз с.Драслајца-Струга.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Греен&био фарм ДОО увоз-извоз с.Драслајца-Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Греен&био фарм ДОО, увоз-извоз с.Драслајца-Струга.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“-Скопје за спроведување специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита на секундарно ниво од областа на онкологијата и радиотерапијата.

**Точка 44**

Владата ги разгледа Предлог-одлуките за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (8) и ги донесе следниве заклучоци:

1.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Његош“, Јурумлери, Гази Баба, Скопје).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, Стајковци- Гази Баба-Скопје).

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Крум Тошев“, Трубарево- Скопје).

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Наум Наумовски-Борче“, Скопје-Гази Баба).

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Наум Охридски“, с.Булачани, Скопје).

6.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „25 Мај“, Гази Баба-Скопје).

7.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Вера Јоциќ“, Скопје).

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Дане Крапчев“, Скопје, Гази Баба).

**Точка 45**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (за потребите на ООУ „Ристо Шуклев“, с.Негорци).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (за потребите на ООУ „Владо Кантарџиев“, Гевгелија).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, с.Миравци, Гевгелија) и

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (за потребите на ООУ „Крсте Мисирков“, Гевгелија).

**Точка 46**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (за потребите на ООУ „Даме Груев“, Смилево).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, с.Жван, Демир Хисар) и

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Демир Хисар).

**Точка 47**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Пенестиа“).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ОУ „Ристе Ристески“, с.Долно Косоврасти) и

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Саид Најдени“).

**Точка 48**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (за потребите на ООУ „Св. Климент Охридски“, Делчево) и

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (за потребите на ООУ „Ванчо Прке“, Делчево).

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дојран (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Нов Дојран, Дојран).

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебрца (за потребите на ООУ „Дебрца“, с. Белчишта, Дебрца).

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија (за потребите на ООУ „Димче А. Габерот“, Демир Капија).

**Точка 52**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“, с. Кучевиште).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево (за потребите на ООУ „Александар Урдаревски“, с. Сандево) и

3.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево (за потребите на ООУ „Михаљ Грамено“, с. Брест).

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Градско (за потребите на ООУ „Даме Груев“, Градско).

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за младински додаток, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предлогот на закон за младински додаток, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, е доставен со цел да се овозможи поддршка на производствените дејности со обезбедување на дополнителна работна сила, како и поттикнување на младите луѓе да се вработуваат во овие дејности, со важење до 31 декември 2025 година, Владата на Република Северна Македонија по текстот на истиот има забелешки во однос на членот 7 од Законот, односно, предлага да се додадат два нови ставови (10) и (11), кои да гласат:

(10) Доколку барањето од став (2) на овој член се поднесе во рок од 30 дена од денот на засновање на работниот однос, младото лице правото на младински додаток го остварува со

денот на засновање на работниот однос, а доколку барањето се поднесе по истекот на 30 дена од засновањето на работниот однос, правото на младински додаток младото лице го остварува со денот на поднесување на барањето.

(11) Младото лице кое ги исполнува условите за право на младински додаток од членовите 4 и 5 од овој закон, а засновало работен однос во ноември и декември 2022 година, правото на младински додаток ќе го оствари доколку барањето од став (2) на овој член го поднесе во рок од 30 дена од денот на донесување на овој закон.

Ставот (9) станува став (12).

Во членот 8, ставот 3 да се избрише.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој за 2023 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, со Предлог-одлука и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 103 став (1) алинеја 6 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишна програма за работа и развој за 2023 година.

Исто така, согласно член 109 став (2) Управниот одбор ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Северна Македонија ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

Годишната програма за работа и развој за 2023 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е изработена согласно членот 109 став (3) од истиот Закон и ги содржи наведените елементи: Програма за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2023 година и Финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2023 година.

По однос на содржината на Годишната програма за работа и развој за 2023 година Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење со следново укажување:

Со Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година, приходите и расходите се планирани во вкупен износ од 19.979.000 денари и истите во однос на 2022 година се намалени за 7%.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2023 година одредени расходи се планирани на исто ниво во однос на планираното во 2022 година, а одредени расходи се планирани на понизок износ во однос на планираниот за 2022 година.

Во однос на делот А. Програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2023 година, за активноста „Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози“, Владата на Република Северна Македонија смета дека е потребно истата да се дополни и да се даде објаснување во насока зошто предложените студии не се реализирале во 2022 година, од причина што изработката на овие студии се повторува неколку години во континуитет, а истите не се изработиле во минатите години.

Во врска со Дел В. Финансиска план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2023 година, Владата на Република Северна Македонија укажува дека во првиот пасус во набројувањето да се додадат испуштените службени весници на Законот за железничкиот систем.

Во врска со насловот „Расходна ставка 400-потрошени материјали" под Планирани расходи, во предвидените средства за набавка на материјали за извршување на работните задачи има наведено и трошоци за гориво, а Агенцијата не располага со патничко возило.

Понатаму, во насловот „Расходна ставка 403-други услуги" е наведено дека предвидените средства ќе се користат и за технички преглед, регистрација и одржување на моторно возило и паркинг, а Агенцијата не располага со патничко возило.

Во насловот „Расходна ставка 417-интелектуални и други услуги" алинеја 3 која се однесува на наведените две студии се укажува дека и во 2022 година биле предложени, а не се реализирани.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2023 година, Владата на Република Северна Македонија од формално-правен аспект укажува на потребата да се достави/приложи и Образложение кон Предлог-одлуката.

**<u>Точка 56</u>**

Владата ги разгледа Иницијативите од Марко Колев, градоначалник на Општина Велес, Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш и од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/22, У.бр.111/22 и У.бр.112/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, бр.41-9773/3 од 30.10.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 232/22) и притоа го утврди следното мислење:

(1) Согласно член 14 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22) Владата, на предлог на Министерството за економија со уредба подетално ги утврдува критериумите и условите за прогласување на кризна состојба, а особено во случај на временски и природни непогоди, хаварии и нарушување на пазари на енергија, начинот на снабдување со соодветните видови на енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на одредена енергетска дејност согласно Законот управување со кризи. Согласно ставот (3) од истиот член, мерките утврдени во уредбата треба да:

- бидат од привремен карактер и да траат до завршувањето на кризната состојба,

- не го надминуваат обемот и интензитетот што е неопходен за отстранување на последиците од кризната состојба и

- во најмала можна мера го ограничат или нарушат конкурентното работење на пазарите на енергија во Република Северна Македонија и во Енергетската заедница.

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за енергетика (*), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 октомври 2022 година, донесе Уредба за изменување

и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случај на временски и природни непогоди, хаварии и нарушување на пазари на електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности.
Врз основа на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 246/21, 300/21 и 74/22 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 октомври 2022 година, донесе Одлука за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија. Со оваа одлука заради преземање на мерката за спречување на злоупотреби и манипулации при обезбедување на универзална услуга на пазарот на електрична енергија, во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје не можат да основаат јавно претпријатие, друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво за вршење дејност од јавен интерес-јавно осветлување за времетраењето на кризната состојба, односно до 30.4. 2023 година.

На 24.11.2022 година Електродистрибуција ДООЕЛ-Скопје до Министерството за економија достави Известување, а на 28.12.2022 година Владата на Република Северна Македонија до Министерството за економија го проследи истото Известување од Електродистрибуција ДООЕЛ-Скопје, за понатамошно постапување, согласно надлежностите на Министерството.

Електродистрибуција ДООЕЛ-Скопје, како оператор на дистрибутивниот систем во прилог на Известувањето до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, достави список на корисници на електрична енергија за кои смета дека не спаѓаат во категоријата на мал потрошувач и кои е потребно да склучат договори за снабдување со електрична енергија со снабдувач со енергија на пазарот на електрична енергија.

Известувањето и списокот се изработени врз основа на Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.240/22) и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/22).

Во Известувањето е наведено дека наведените корисници во списокот почнувајќи од 28.11.2022 година ќе бидат и поединечно известени дека нема да спаѓаат во категоријата на мал потрошувач и дека е потребно да склучат договори за снабдување со електрична енергија со снабдувач на пазарот на електрична енергија, со цел исполнување на обврските на операторот на електродистрибутивниот систем.

Согласно член 3 од Законот за енергетика (*) „мал потрошувач на електрична енергија“ е субјект чиј просечен број на вработени во последните две пресметковни години е помалку од 50 вработени и има вкупен годишен приход помал од два милиони евра во денарска противвредност.

До моментот на доставување на ова мислење, списокот доставен од Електродистрибуција ДООЕЛ-Скопје неколку пати беше ревидиран и ажуриран од страна на Електродистрибуција

ДООЕЛ-Скопје, при што последно беше доставен до Министерството за економија во електронска форма по електронска пошта на 9.1.2023 година (во прилог списокот).

Во списокот се опфатени најмалку 25 општини кои треба да постапат согласно Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија од 30.10.2022 година.

Согласно Законот за енергетика член 3 „мал потрошувач" на електрична енергија, односно природен гас е субјект чиј просечен број на вработени во последните две пресметковни години е помалку од 50 вработени и има вкупен годишен приход помал од два милиони евра во денарска противвредност, со исклучок на производителот на електрична енергија и операторот на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија односно природен гас.

Согласно член 69 од Законот за енергетика (*) Учесници на пазарот на електрична енергија на големо се:

1) производителите на електрична енергија,
2) трговците со електрична енергија,
3) снабдувачите со електрична енергија,
4) потрошувачите на електрична енергија што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот пропишани во правилата за пазар на електрична енергија,
5) операторот на електропреносниот систем,
6) операторот на електродистрибутивниот систем,
7) операторот на затворениот електродистрибутивен систем, и
8) операторот на пазарот на електрична енергија.

Согласно ставот (2) од истиот член учесниците на пазарот на електрична енергија од став (1) од овој член ги уредуваат меѓусебните права и обврски со договори склучени во согласност со овој закон и правилата и прописите донесени врз основа на овој закон.

Согласно член 70 став (1) од Законот за енергетика (*) производителот на електрична енергија во согласност со издадената лиценца, може да врши продажба на произведената електрична енергија и/или системски услуги на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија и во странство.

Согласно член 101 од Законот за енергетика (*) универзалниот снабдувач е должен да врши снабдување со електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи кои се наоѓаат на подрачјето на кое има обврска да обезбеди универзална услуга и кои избрале да бидат снабдувани од него, во согласност со обврските утврдени со овој закон и правилата за снабдување, а особено да:

- обезбеди снабдување и заштита на потрошувачите во оддалечените подрачја,

- обезбеди заштита на ранливите потрошувачи во согласност со мерките содржани во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи од член 15 од овој закон,

- ги примени цените за електрична енергија формирани во согласност со тарифниот систем од член 29 став (3) од овој закон исклучиво кога ги снабдува домаќинствата и малите потрошувачи,

- ги информира потрошувачите за нивните права и условите под кои можат да бидат снабдувани од универзален снабдувач,

- ги извести потрошувачите за условите за снабдување и цената на електричната енергија, како и да ги информира за правото на промена на снабдувачот,

- набави електрична енергија по пазарни услови со избор на најповолна понуда, во согласност со правилата за набавка на електрична енергија донесени од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,

- ги објави на својата веб-страница цените за снабдување со електрична енергија.

Цените за електрична енергија што ги применува универзалниот снабдувач се утврдуваат во согласност со тарифниот систем од член 29 став (3) од овој закон и треба да:

- се објективни и транспарентни,
- ги одразуваат трошоците во однос на набавката и снабдувањето на електрична енергија,
- се лесно споредливи со цените на другите снабдувачи на електрична енергија, и
- не дискриминираат потрошувачи од иста категорија.

Согласно член 237 став 1 од Законот за енергетика (*) производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет во Република Северна Македонија е должен на универзалниот снабдувач, во постапките за набавка за електрична енергија, во согласност со правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, да му понуди на продажба електрична енергија и тоа:

- во 2019 година најмалку 80% од вкупните годишни потреби на снабдувачот,
- во 2020 година најмалку 75% од вкупните годишни потреби на снабдувачот,
- во 2021 година најмалку 70% од вкупните годишни потреби на снабдувачот,
- во 2022 година најмалку 60% од вкупните годишни потреби на снабдувачот,
- во 2023 година најмалку 50% од вкупните годишни потреби на снабдувачот,
- во 2024 година најмалку 40% од вкупните годишни потреби на снабдувачот,
- во 2025 година најмалку 30% од вкупните годишни потреби на снабдувачот.

Во услови на прогласена кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија дел од јавните претпријатија наведени во списокот, кои биле дел од портфолиото на големи потрошувачи, со цел да ги намалат трошоците за потрошената електрична енергија за јавно осветлување на разни начини успеале да го обезбедат своето снабдување со електрична енергија од универзалниот снабдувач, како мали потрошувачи по цени определени согласно Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.146/22, 211/22 и 258/22) донесен од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22), член 1 од овој закон:

„Јавни претпријатија можат да се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес.

Република Северна Македонија, општините и Градот Скопје можат да основаат јавни претпријатија во согласност со овој закон, со цел за вршење на дејности од јавен интерес на територијата на Република Македонија.

Јавни претпријатија во име на Република Северна Македонија основа Владата на Република Македонија, во име на општината советот на општината и во име на Градот Скопје Советот на Градот Скопје.".

Согласно Законот за јавните претпријатија, член 2, ставови 1 и 2 од овој закон:

„Дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејностите со кои се остварува јавен интерес.

Дејностите од јавен интерес ги вршат јавните претпријатија или друштва на коишто им е доверено вршењето на дејностите од јавен интерес.".

Воедно, во членот 4 од Законот за јавните претпријатија е наведено дека основачот на јавното претпријатие со одлука може јавното претпријатие да го преобрази во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво.

Исто така, согласно член 4-а : ,,основачот може да донесе одлука за издвојување на подружница или дел од јавното претпријатие, под услов подружницата, односно делот што се издвојува од јавното претпријатие да може непречено да продолжи со работа и да функционира посебно. Основачот носи одлука за издвојување на дел од јавното претпријатие во случаите кога во делот што се издвојува не се врши основната дејност на јавното претпријатие, односно не се вршат стопански дејности кои со закон за утврдени како дејности од јавен интерес. Издвоениот дел се организира како друштво со ограничена одговорност, односно акционерско друштво и ќе се приватизира со соодветна примена на одредбите од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал.

Согласно член 43 од овој закон, дејност од јавен интерес за Република Северна Македонија, можат да вршат физички и правни лица врз основа на дозвола. Ставот 2 на овој член од Законот предвидува дека дозвола за вршење на одделни стопански дејности од јавен интерес од страна на физички или правни лица, може да се даде за сите дејности од јавен интерес освен за дејностите утврдени со закон. Дозволата ја дава Владата, односно општината, односно Градот Скопје.

„Дејностите од јавен интерес се дефинирани во Законот за комунални дејности.".

Имајќи го предвид наведеното дека предметните иницијативи за оцена на уставноста не се основани од причина што во услови на прогласена кризна состојба е дозволено согласно закон да се преземат мерките кои се донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија и истите се од времен карактер, односно до завршување на кризната состојба.

Од сето напред наведено произлегува дека оспорената Одлука за преземање на мерка во услови на прогласена кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија не е во несогласност со член 52 став 4, член 8 став 1 алинеја 4, член 115 и член 55, сите од Уставот на Република Северна Македонија.

Заради сето претходно, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да го отфрли и предлогот за изрекување на времена мерка, како неуставен.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ги прифати иницијативите од Марко Колев, градоначалник на Општина Велес, Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш и од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/22, У.бр.111/22 и У.бр.112/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, бр.41-9773/3 од 30.10.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.232/22).

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36600, КО Прилеп, на КП бр.8551 и Имотен лист бр.36382, КО Прилеп, на КП бр.8550, викано место/улица „Мерите“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата го разреши Сеад Садиковски од должноста вршител на должноста заменик-директор на Агенцијата за стоковни резерви, поради упатување на извршување на друга функција.

**Точка 59**

**1.** Владата го разгледа Известувањето за издадено Одобрение за застрел на шест единки дивокоза во 2023 година, на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“-Скопје, како материјал за информирање.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 19 јануари 2023 година до 25 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 19 јануари 2023 година до 25 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Барањето од Собранието на Република Северна Македонија за овластување на владини претставници кои се надлежни за спроведување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени и нивно учество на надзорната расправа на тема „Примената на законските одредби на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени“ на седница на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Северна Македонија и за овластени владини претставници ги определи:

- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,
- Ванѓа Зикова, началник на Одделение за државјанство, граѓански состојби и матичен број,
- Хамди Демири, началник за пријавување живеалиште, престојувалиште, лични карти и патни исправи,
- д-р Никола Тупанчевски, министер за правда,
- д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда,
- Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда,
- м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика,
- Мабера Камбери, координатор на работната група на неевидентирани лица во матична книга на родени,
- Миле Стојановски, државен советник во Министерството за труд и социјална политика,
- Блерим Абази, директор на Управата за водење матичните книги,
- Магдалена Филиповска-Грашкоска, директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Овластените владини претставници задолжително да го потврдат своето присуство на надзорната расправа во Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за дополнување на Законот за технолошко-индустриски развојни зони, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-11401/4 од 16 декември 2022 година.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 19 јануари 2023 година до 25 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги плати потребните финансиски средства за транспорт на пратка како дипломатска карго пошта, од Меѓународниот аеродром во Скопје до Аеродромот во Варшава со крајна дестинација Амбасада на Република Северна Македонија во Киев, Украина.

Пратката е испорачана на 30.1.2023 година, а исплатата на средствата ќе биде по доставена фактура од правното лице кое ја испорачува услугата.

**<u>Точка 60</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на претставници од Република Северна Македонија на отворена работна група за безбедност и употребата на информациски и комуникациски технологии 2021-2025 година, во Њујорк, 25-29 јули 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Министерството за труд и социјална политика (за периодот јануари-јуни 2022 година), како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Националното координативно тело за следење на имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 (за период од јануари-јуни 2022), како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал-пресуди од даночни и царински спорови" со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии-Царинската управа, веднаш да постапи согласно своите обврски, односно да ги објави пресудите на Управниот суд и Вишиот управен суд на порталот.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за наплатата на ненаплатени побарувања кон ЈКП корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање и националниот координатор за унапредување на работата на јавните претпријатија, во соработка со Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица-Кичево, во рок од 10 дена да организира состанок со директорите на јавните комунални претпријатија корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица и градоначалниците на општините основачи на овие комунални претпријатија со цел изнаоѓање на конкретно решение за надминување на проблемот со наплата на ненаплатените побарувања.

Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Владата за предложените решенија од одржаниот состанок, во рок од 20 дена.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули-септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1.7.2022 година до 30.9.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, за период од 1 јули до 30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје за периодот 1 јули-30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог реализација на Гугл (Google) и Ју тјуб (YouTube) кампања, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.104 Габровска Река и бр.349 Блатечка Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 2.6.2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 27.5.2023 година.

3. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа, како што е наведено во точка 2 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

4. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да достави анекс на гаранцијата за изведба, со кој важноста на гаранцијата за изведба, за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 27.6.2023 година.

5. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани до 5.6.2023 година.

6.Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа, како што е наведено во точка 5 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка Река.

7.Се укажува на Општина Струмица, во рок 30 дена да донесе решение за засновање на право на стварна службеност за Далновод ДВ-10(20)kV отклон ХЕЦ 277 Воденешница заедно со кабелски приклучен вод до АТС 10 (20)/0.4 kV 400 kVA ХЕЦ 277 Воденешница, с.Банско, Општина Струмица.

8.Се укажува на Општина Тетово по поднесување на барање од Друштвото Ани енергетик ДОО Тетово, во рок од 30 дена да донесе решение за засновање на право на стварна службеност.

9.Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности после поднесување на барањата од Друштвата ХЕЦ 277 ДООЕЛ и Ани енергетик ДОО Тетово, во рок од 30 дена да ја заврши постапката за запишување на долготрајниот закуп на земјиште и постапката за правото на воспоставување на стварна службеност.

10. Се задолжува Министерството за транспорт и врски после поднесување на барањето од Друштвото Ани енергетик ДОО Тетово, во рок од 30 дена да издаде Одобрение за употреба за МХЕЦ бр.104 Габровска Река.

11. Се задолжува Министерството за транспорт и врски-Сектор за управно-надзорни работи-второстепена комисија во рок од 30 дена да одлучи по жалбата, поднесена од Друштвото Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Законот за градење во делот на утврдувањето на исполнетоста на условите за механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, со кој ќе предвиди субјектот кој е надлежен за давање на мислење за исполнетоста на условите за механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите да поседува лиценца за вршење на оваа дејност, во рок од 15 дена.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишувањето на Меморандум за разбирање помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Претседателството на Управа за развој и поддршка на мали и средни претпријатија на Република Турција, со текст на Меморандум (усогласен со Секретаријатот за законодавство) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Претседателството на Управа за развој и поддршка на мали и средни претпријатија на Република Турција.

2.Се овластува Хајрула Мисини, директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Агенцијата

за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Претседателството на Управа за развој и поддршка на мали и средни претпријатија на Република Турција.

**Точка 74**

Владата го разгледа Предлогот на закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Билјана Тешева, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на Барање за вработување арх.бр.0203-20/146 од 19.12.2022 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и условно ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да даде согласност за вработување на 31 лице, доколку Министерството го потврди точниот број и позитивно се произнесе по Барањето.

**Точка 76**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Националната установа Центар за култура „Иљо Антески Смок“-Тетово и Предлог-одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија-Скопје и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Националната установа Центар за култура „Иљо Антески Смок“-Тетово.

2. Предлог-одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија-Скопје да се разгледа на наредната седница на Владата, по влегувањето во сила на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Националната установа Центар за култура „Иљо Антески Смок“-Тетово.

**Точка 77**

Владата го разгледа Предлогот на закон за данок на солидарност, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија

2. Текстот на Предлогот на закон, со вметнатите забелешки од надлежните институции да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3.Пречистениот текст на Предлогот на закон за данок на солидарност, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата со задачи кои произлегуваат од работните состаноци на 12, 16, 18 и 25 јануари 2023 година на ниво на експертски групи од одговорните институции, со цел олеснување и забрзување на протокот на патници, возила и стоки на граничните премини Табановце-Прешево, како дел од иницијативата Отворен Балкан и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерство за внатрешни работи, најдоцна до 30.4.2023 година, да распореди соодветен и максимален број полициски службеници на граничниот премин Табановце, овластени да вршат брзи проверки на возилата, со цел сите ленти при влез во Република Северна Македонија да бидат подготвени да се активираат во било кој момент, како и да одговори на потребата на сите отворени ленти при влез во Република Србија.

Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја информира Владата во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација за динамиката на спроведување на Заклучокот.

2.Се задолжува Министерството за внатрешни работи (претставници од ИТ и гранична полиција) во соработка со претставниците на Министерството за внатрешни работи на Република Србија, да работат на изнаоѓање заедничко решение за целосна и суштинска реализација на концептот на заедничко гранично управување „One Stop Shop“ што подразбира креирање заеднички систем (софтвер и дигитални решенија) со цел податоците за еден граѓанин да се вчитуваат само еднаш при преминување на границата, а истите да бидат обработувани прво од институциите на земјата која се напушта, а потоа од институциите на земјата во која се влегува.

Се задолжува Министерството за внатрешни работи (претставници од ИТ и гранична полиција) предлог-решенијата од македонска страна да ги достави до Владата до 6 февруари 2023 година.

3.Се задолжуваат Царинска управа, во консултација со Министерството за транспорт и врски и со Агенцијата за планирање на просторот, најдоцна до 6 февруари 2023 година, да подготват предлог-решенија за инфраструктурен зафат во рамки на постоечката градежна парцела, како и за инфраструктурен зафат врз просторот кој е надвор од постоечката градежна парцела во случај на евентуална потреба од обезбедување простор за изградба на дополнителни коловозни ленти. Односно, да изработат:

1) Анализа и план за изработка на урбанистичка документација за интервенции во рамки на постоечката единствена градежна парцела ГП Табановце (анализа, предлог-решение и динамички план за изработка и одобрување на урбанистички проект за разработка на урбанистички план);

2) Анализа и план за измена на урбанистички план за интервенција врз брдеста територија надвор од градежната парцела (анализа, предлог-решение и динамички план за изработка и одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план).

4. Се задолжуваат националниот координатор за Отворен Балкан и регионални иницијативи и националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции, во координација и со Секретаријатот за европски прашања, да го продолжат процесот на комуникација, соработка и заедничко планирање со претставниците на Владата на Република Србија, согласно усвоените владини заклучоци, и да ги интензивираат работните средби со цел дефинирање заеднички решенија со српската страна заради постигнување и усвојување меѓудржавен договор меѓу Република Северна Македонија и Република Србија со цел олеснување на забрзување на протокот на патници, возила и стоки на граничниот премин Табановце.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на барањата за вработување во Јавното претпријатие „Национални шуми“ П.О. Скопје и условно ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- се задолжува Министерството за финансии да даде согласност на Барањето за продолжување на добиеното известување за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време бр.02-908/1 од 20.12.2022 година за 64 (шеесет и четири) извршители, на Барањето за продолжување на добиеното известување за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време бр.02-909/1 од 20.12.2022 година за 410 (четиристотини и десет) извршители, почнувајќи од 1.4.2023 година и на Барањето за ангажирање на 20 лица со договор на дело за 2023 година бр.02-929/1 од 28.12.2022 година и да го разгледа Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈП Национални шуми п.о.-Скопје и да даде позитивно мислење, доколку Министерството го потврди точниот број и позитивно се произнесе по барањата.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за основање на Национална установа „Музички ансамбл во Република Северна Македонија“-Тетово.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за основање на Национална установа „Камерен оркестар на Битола“-Битола.

**Точка 82**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесената Одлука со архивски бр.0201-130/1 од 23.1.2023 година, од страна на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, за наредната седница на Владата, со заклучок материјалот да се усогласи помеѓу предлагачот, Министерство за култура и Секретаријат за законодавство.

Истовремено, при донесување на одлуката за дефинирање на површината за пренамена и согласност за пренамена во Мултифункционален културен центар, да се има предвид просторот да се даде на трајно користење на Министерството за култура.

**Точка 83**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина и  го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик  на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Тања Вета, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 84**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за буџети, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска-Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, го издвои своето мислење по однос на овој Предлог на закон.

Владата заклучи Предлогот на закон за изменување на Законот за буџети, кој Владата го утврди на 122-та седница на Владата, одржана на 1 февруари 2023 година, да не се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), со Извештај и Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023-2030) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), со стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023-2030).

2. Се задолжува д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, во својство на претседател на Националната комисија на УНЕСКО на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за култура и Министерството за туризам и животна средина на Република Албанија да го достави Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), со Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023-2030), најдоцна до 15 февруари 2023 година до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје за набавка на комбинирана терапија со лекот „кафтрио“ (Kaftrio) и лекот „калидеко“ (Kalydeco) за пациентите со цистична фиброза и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, да одржат координативен состанок и најдоцна до 3 февруари 2023 година (петок), до Владата да достават соодветен предлог за обезбедување на дополнителни финансиски средства во износ од 377.604.000,00 денари за ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје, за набавка на лекот „кафтрио“ (Kaftrio) и лекот „калидеко“ (Kalydeco) за пациентите со цистична фиброза како комбинирана терапија.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:10 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |